УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

# UtiBHP®

**капсули**

**Пред употреба на граничниот производ, внимателно прочитајте го упатството.**

- Пред употреба на граничниот производ внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.
- Овој граничен производ се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. Меѓутоа, и покрај тоа, UtiBHP® треба да го употребувате претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.

**Упатството содржи:**


1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ **UtiBHP®**
2. Што мора да знаете, пред да го употребите граничниот производ **UtiBHP®**
3. Како да се употребува граничниот производ **UtiBHP®**
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на граничниот производ **UtiBHP®**
6. Дополнителни информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД UtiBHP®

UtiBHP® содржи иновативна комбинација на сув екстракт од полен од 'рж (*Secale cereale*), бета-ситостерол кој е изолиран од кора од бор (*Pinus spp.*) и селен.

**Полен** или цветен прав е светло жолт прав кој се состои од зрна од полен добиени со тресење од поленските ќеси од цветовите и обезмастување. Исушениот полен содржи протеини, слободни масни киселини, јаглехидрати, масни материи, стероли, витамини, ензими и минерални соли. Бојата доаѓа од флавоноидите и каротеноидите. Поленот од од 'рж помага во одржувањето на здрава простата и здраво мочно кесе. Есенцијалните аминокиселини од поленот од 'рж од Plasys 300® екстрактот кој влегува во составот на овој производ имаат антиинфламаторно (антивоспалително) дејство и го помагаат уринарниот проток што допринесува до олеснување на симптомите кои се јавуваат како последица на бенигна простатична хиперплазија и претставуваат симптоми на долно уринарниот тракт (потреба за мокрење ноќе, зачестено мокрење, чувство на неиспразнетост на мочното кесе, напор при мокрење).

**Бета- ситостеролите** од Plasys 300® екстрактот, помагаат во инхибицијата на 5-α- редуктаза, која е одговорна за регулирање на нивото на тестостерон, па на овој начин се намалува нивото на тестостерон во простатата, што ги олеснува тегобите кај бенигната простатична хиперплазија. Истовремено оваа супстанца помага во инхибицијата на растот на клетките на простатата и го оленува уринарниот проток што исто така резултира во олеснување на овие тегоби.

**Селенот (Se)** е микроелемент кој остварува многу важни функции во човековиот организам. Заради своето антиоксидантно својство овој минерал учествува во заштита на клетките и ткивата од штетното влијание на слободните радикали што го забавува стареењето. До сега се откривени 4 ензими од групата селено-зависни глутатион-пероксидази и сите имаат антиоксидантно дејство во борбата против слободните радикали и реактивните соединенија на кислрод. Селенот ја поттикнува сперматогенезата и на тој начин позитивно влијае на плодноста на мажот.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД UtiBHP®

Производот не смее да го користат лица преосетливи на некоја од состојките на производот, лица алергични на полен од 'рж или полен од трева. Производот не е наменет за лица од женски пол и за лица на возраст под 18 години.
Препорачаната дневна доза не смее да се пречекорува.

Овој производ е граничен производ и не треба да се употребува како замена за вкупна или балансирана исхрана.

**Бидете посебно внимателни со граничниот производ UtiBHP®**:
Лица со историја на тумори зависни од хормони, лица со бронхијална астма, како и лица кои земаат лекови за намалување на холестеролот треба да се консултираат со лекар пред примена на овој производ.

**Употреба со лекови и други медицински производи:**
Можна е интеракција со варфаринот.

**Земање UtiBHP® на со храна или пијалок**
Нема податоци

**Бременост и доење**
Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек или граничен производ ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате бременост.

Бремени и доилки, пред употреба на препаратот, треба да се консултираат со лекар.

**Влијание врз способноста за управување моторно возило или ракување со машини**
Нема податоци за влијанието **UtiBHP®** на врз способноста за возење или ракување со машини.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во граничниот производ UtiBHP®**
Не е употребиво

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД UtiBHP®

Секогаш употребувајте **UtiBHP®** според препораките дадени во ова упатство или како што Ви препорачал Вашиот лекар.

1 капсула дневно, независно од оброците.
Производот не е наменет за лица од женски пол и за лица на возраст под 18 години.

**Ако сте употребиле повеќе UtiBHP® од препорачаното**
Нема податоци

**Ако сте заборавиле да земете UtiBHP®**
Нема податоци

**Ако наеднаш престанете да земате UtiBHP®**
Нема податоци

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Од несакани дејства може да се јави алергиска реакција.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД UtiBHP®

Чување: Да се чува во оригиналното пакување, заштитено од светлина и влага на температура до 25°C.

Граничниот производ да се чува на места подалеку од поглед и дофат на деца.

Рок на употреба: 2 (две) години (рокот на траење е означен на пакувањето)

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи граничниот производ**

1 капсула содржи:
**Активни состојки:**
**Plasys 300®** (стандардизирана мешавина од сув екстракт од полен од 'рж (*Secale cereale*) и бета-ситостерол од кора од бор (*Pinus spp.*) со мин. 50% бета-ситостерол и мин 1% есенцијални аминокиселини) .................... 300 mg
(150 mg бета-ситостерол и 3 mg есенцијални аминокиселини)
**Селен** (како L- селенометиоин) .................... 55 µg

**Останати состојки:** хидроксипропилметилцелулоза, средство за зголемување на волуменот на микрокристалната целулоза, средства против згрутчување: талк, магнезиум стеарат и силициум диоксид, боја Е 171.

**Како изгледа и што содржи пакувањето на граничниот производ UtiBHP®**
Тврди капсули од хидрокспропилметилцелулоза со бела боја исполнети со прашок со бледо жолта боја.
ПВЦ/Алу блистер со 10 капсули, 3 блистери во кутија

**Производител на граничниот производ**
Фарманова d.o.o., Индустријска 8, Обреновац, Република Србија

**Носител на одобрението за ставање на граничниот производ во промет**
Фарманова д.о.о. Обреновац
Претставништво Фарманова Скопје
Булевар Видое Смилевски Бато бр.85,
Скопје, Република Северна Македонија

**Начин на издавање**
Граничниот производ се издава во аптека, без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи**
12-8976/2 од 28.09.2021.

**Датум на последна ревизија на упатството за употреба**
Упатство е одобрено на 28.09.2021.

PHARMANOVA

3203370-1

PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA